| | | |
|---|---|---|
| | | Toronto Press, Toronto Buffalo , London 1981<br>6.Проф. Др Берислав Periц, Правни сустав и правна техника, Загреб 1980 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Политички партии и интересовни групи | | | |
| 2. | Код | 50703 | | | |
| 3. | Студиска програма | Правни студии – Уставно право (мастер) | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Правен факулет „Јустинијан Први" – Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет) | Втор | | | |
| 6. | Академска година/семестар | 9-ти семестар | 7. | Број на ЕКТС кредити | 6 (шест) |
| 8. | Наставник | проф. д-р Тања Каракамишева – Јовановска<br>доц. д-р Александар Спасеновски | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): | | | | |
| | Основната цел на изучување на предметот е студентот да добие поширока претстава за политичките партии и интересовните групи во политичкиот систем како од теоретски, така и од практичен аспект. Поконкретно, во рамките на овој предмет ќе се настојува, студентот да стекне најшироки сознанија за:<br>- Да ги научи разликите меѓу политичките партии и интересовните групи во политичкиот систем<br>- Да ги научи основните елементи на двата облика на здружување на граѓаните,<br>- Да ги препознае демократските елементи во партиските системи<br>- Да ја научи улогата на партиите и на интересовните групи во креирањето на политиките | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **во демократските системи**<br>- Да научи критички да размислува за современите тенденции во партиските и во изборните системи<br>- Да ја препознае поврзаноста на партиите со изборите и со изборните системи<br>- Да научи како се финансираат политичките партии и да знае да го употреби знаењето преку симулација<br>- Да ја научи партиската политика во Европската унија. | | | |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** | | | |
| | Предмет на проучување на оваа научна дисциплина се двата облика на здружување на граѓаните кои се суштински елемент на демократијата во модерните општества - политичките партии и интересовните групи. Почнувајќи од општите прашања како што се дефинирање на политичките партии и интересовните групи, нивниот историски развој, кои критериуми треба да задоволат за да се оформат, организациската инфраструктура и внатрешниот живот на нивните членови, различните критериуми за класификација на видовите политички партии и интересовни групи, итн, овој предмет навлегува во проучување и на партиските системи на неколку демократски држави како што се: Велика Британија, САД, Франција, Германија и слично. Истовремено, централно прашање на интерес на оваа научна дисциплина се и политичките партии кои влегуваат во составот на Европскиот парламент: Европската Народна партија (демохристијаните) и Европските демократи, Социјал-демократските и Социјалистичките партии на Европа, Либералните и Демократските партии итн, парламентарните групи преку кои се застапени во Европскиот парламент, нивните права и обврски во парламентарниот живот, финансирањето на партиите и слично. Подеднакво внимание овој предмет посветува и на развојот на партиите во Република Македонија односно на прашањата на развојните етапи и основните карактеристики на македонскиот партиски систем од осамостојувањето на РМ до денес. | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Предметот ќе се изучува преку компаративниот метод, case study методот, Сократовиот метод, SWOT анализа, индуктивниот и дедуктивниот метод и др.<br><br>Часовите вклучуваат учество на студентите и дебата и анализа на практични случаи. | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 3,5 + 0 + 1,2 + 0 + 5,3 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | / |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | / |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 17.1 | Тестови/завршен испит | | | 70 поени | |
| | 17.2 | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | | | 20 поени | |
| | 17.3 | Активност и учество | | | 10 поени | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | | | до 51 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | | | Присуство на над 50 % од предавањата | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | | Македонски јазик | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | | Евалуација и самоевалуација | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1 | Задолжителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | проф. д-р Саво Климовски,<br><br>Проф. д-р Тања Каракамишева – Јовановска и<br><br>доц. д-р Александар Спасеновски | Политички партии и интересовни групи | Правен Факултет „Јустинијан Први“ и Фондација Конрад Аденауер Скопје | 2017 |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Sartori, G | Parties and Party Systems: A Framework for Analysis | Cambidge University Press | 1976 |
| | | 2. | Wolinetz, S | Political Parties | Aldershot & Brookfield VT: Ashgate | 1997 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. | Vladimir Goati | Politicke partije i partiski sistemi | Centar za monitoring – CEMI | 2008 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | МОДЕЛИ НА ДЕМОКРАТИЈА | | | |
| 2. | Код | 50701 | | | |
| 3. | Студиска програма | Втор циклус уставно правна насока | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Правен факулет „Јустинијан Први" – Скопје<br>Институт за правно-политички науки<br>Катедра по уставно право и политички систем | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет) | Втор | | | |
| 6. | Академска година/семестар | 9-ти семестар | 7. | Број на ЕКТС кредити | 6 (шест) |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Гордана Сиљановска – Давкова<br>Проф. д-р Рената Дескоска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | / | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): | | | | |

Целта на овој предмет е да им понуди на студентите продлабочени знаења за поимот и моделите на демократијата и да им помогне да ги развијат своите аналитички способности во таа област.

Овој предмет ќе им овозможи на студентите:

- да го разберат концептот на демократија;
- да ги оценат аргументите за и против различните модели на демократија;
- да можат критички да ги анализираат различните начела и облици на демократијата
- да ја разберат историската еволуција на демократската теорија и

пракса

- да ги осознаат предизвиците на современата демократија.

**11. Содржина на предметната програма:**

Предметот Модели на демократија се фокусира на различните историски, но и современи типови на демократија. Тргнувајќи од класичните, како и од либералните теоретичари, ке